РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2170/2
17-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2170/1 од 14.08.2024 година, против ------, Јавен обвинител во ------ јавно обвинителство ------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи надлежноста за постапување е на друг орган, каде што пријавата е веќе е доставена.

Предметот со 12-2170/1 од 14.08.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 14.08.2024 година, поднесена е пријава против ------, Јавен обвинител во ------ јавно обвинителство ------ и оформен е предмет број 12-2170/1 од 14.08.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека посочената обвинителка на ден --.--.2024 година на нејзината Facebook страна го споделила линкот од Facebook страната на „------“ кој се однесува на јавен повик за учество на Јавна расправа во врска со граѓанска петиција со цел да се спречи планираното отворање на центар за рециклирање, собирање и третман на отпадни гуми на територијата на Општина ------, со напомена дека истото ќе предизвика загадување на животната средина.

Со тоа, подносителот наведува дека, спротивно на утврдените принципи наведени во Етичкиот кодекс на јавните одбинители и на Законот за јавно обвинителство, посочениот јавен обвинител сторил тешка дисциплинска повреда со тешки последици кои го нарушиле угледот, интегритетот и професионалноста на јавно обвинителската функција и на јавното обвинителство воопшто, поради што бара да се поведе постапка за утврдување на нејзина кривична одговорност.
Пријавата покрај до ДКСК доставена е до повеќе други надлежни органи, помеѓу кои и Советот на јавните обвинители на РСМ, Етичкиот совет на јавните обвинители на РСМ и до повеќе јавни обнинителства во РСМ.

По разгледувањето на предметните наводи ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување, во случајот по пријавените наводи односно дејствија надлежноста за постапување е на друг орган, каде што пријавата е веќе е доставена.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk